Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко
општество и администрација
Ministria e Shoqërisë
Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 14-739/21
06.11.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-739/21
06-11 20 23 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 71 -та седница на
# Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

<table>
<tr><td>Место на одржување</td><td colspan="3">Агенција за електронски комуникации</td></tr>
<tr><td>Датум</td><td>13.10.2023 година</td><td>Време</td><td>12.00 – 14.00 часот</td></tr>
<tr><td>Бр. на седница</td><td colspan="3">71-та седница</td></tr>
<tr><td>Состанокот го води</td><td colspan="3">Димитар Буковалов, претседател на НКБК</td></tr>
<tr><td>Учесници</td><td>Поканети:<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател на НКБК<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК</td><td colspan="2">Присутни:<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател на НКБК<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК</td></tr>
<tr><td>Други присутни на состанокот</td><td colspan="3">1. Емилија Георгиевска Ѓошевски (МИОА)<br>2. Елена Михајлоска (РГ за ЗЕК)<br>3. Владимир Соколов (РГ за ЗЕК)<br>4. Митко Аритоновски (РГ за ЗЕК)<br>5. Игор Бојаџиев (РГ за ЗЕК)<br>6. Јане Јакимовски (РГ за ЗЕК)<br>7. Елена Периќ Филкова (РГ за ЗЕК)</td></tr>
<tr><td>Логистичка поддршка</td><td colspan="3">Мишко Талески, Владимир Соколов и Букурије Јашари Мемети</td></tr>
</table>

| ДНЕВЕН РЕД |
|---|
| 1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 29.09.2023 година;<br>2. Подготовка на новиот Закон за електронските комуникации и учество на НКБК во процесот;<br>3. Разно. |
| ; |

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 71-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни шест членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 69-та седница, одржана на 29.09.2023 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

На почетокот Буковалов објасни дека оваа седница на НКБК е конципирана како заеднички состанок помеѓу членови на Работната група за подготовка на новиот Закон за електронски комуникации и членовите на НКБК, нагласувајќи дека се планира интензивирање на работата на работната група околу Законот, а се очекува проактивна вклученост на членовите на НКБК.

Исто така, тој зборуваше и околу организацискиот аспект за тоа како треба да работи Работната група и за тоа во кој домен се очекува помош од членовите на НКБК. Покрај другото, беше нагласено дека драфт текстот на законот треба да биде подготвен до крајот на ноември, додека начинот на работата помеѓу членовите е веќе дефиниран на претходниот состанок на работната група.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“, уште еднаш беше потенцирано дека консултантите од консултантската куќа COWI се уште не се во можност да пристапат до системот на АЕК со податоци за мрежна инфраструктура (ЕТИ и системот за поддршка на имплементација на НОБП), и дека тоа треба да се разреши во најкраток можен рок.

**Заклучок:** Доколку е потребно да се информира Канцеларијата на ЕУ во Скопје дека пристапот до системот на АЕК се уште не им е обезбеден на консултантите.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________